

*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 64| Година X | мај - јуни 2015 г. | *Весник на Општина Аеродром*

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ ПРЕСЕЛИ НА НОВА ЛОКАЦИЈА стр. 3

## ОПШТИНАТА ГО ПРОСЛАВИ 10-от РОДЕНДЕН стр. 4-5

## ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ стр. 11

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# СОДРЖИНА


ОПШТИНАТА СО НОВО СЕДИШТЕ .................................. 3

АКТИВНОСТИ ........................................................ 4 - 15

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ..................... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ................................................. 18 - 19

ТЕАТАР .................................................................. 20

ЗАБАВА .................................................................. 21

ЗДРАВЈЕ ................................................................ 22 - 23

СТИЛ ...................................................................... 24 - 25

ЖИВОТ .................................................................. 26 - 27

СПОРТ .................................................................... 28 - 29

ПИСМА .................................................................. 30

ИНФО .................................................................... 31




**ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:**

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот


Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавноста и меѓународна соработка

**Лектор**
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

**Надворешен соработник**
Моника Аксентиевска

**Дизајн**
Кристина Јорданова
Даниела Чабуковска

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Ивица Коневски

**Печати**
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци



телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ ПРЕСЕЛИ НА НОВА ЛОКАЦИЈА




Општинската администрација се пресели во ново седиште. Адресата на новото седиште на Општина Аеродром е бул. „Јане Сандански“ бр. 109Б, поточно во зградата на АД „Скопски пазар“, во близина на ТЦ „Капитол“.

# ПОСТАВЕН „ТАЧ СКРИН“ ЗА ГРАЃАНИТЕ



Во просториите на Општина Аеродром е поставен екран на допир („тач скрин“) со инсталирана апликација „Отворена општина“, преку која граѓаните со кликање на екранот можат да одговорат на прашања поврзани со работата на Општината во поглед на отвореноста, отчетноста и пресретливоста на општинската администрација.

Овој „тач скрин“ служи како алатка за општествена одговорност и е инсталиран во соработка со УНДП, како дел од проектот за регионална поддршка. Целта на веб-апликацијата „Отворена општина“ е да се зголеми транспарентноста и учеството на граѓаните во развојните платформи на општината.

Исто така, граѓаните кон веб-апликацијата „Отворена општина“ можат да пристапат и од своите домашни компјутери преку веб-страницата www.moja-opstina.mk.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ГО





„Успеавме да ја оправдаме сликата за Аеродром како модерна и современа општина“, изјави градоначалникот Ивица Коневски на прославата на 10-от роденден на општината, што се одржа на 15.4.2015 година, во општинскиот двор во присуство на најблиските соработници и пријатели на општината.

Градоначалникот Коневски најави дека и во иднина Општина Аеродром заеднички и со напорна работа на општинската администрација ќе продолжи да ги совладува предизвиците, со цел

# ПРОСЛАВИ 10-ОТ РОДЕНДЕН



да им се овозможат на граѓаните подобри услови за живеење, како и тоа дека општината ќе продолжи да се развива уште повеќе и ќе стане уште поубаво место за живеење.

Во рамки на прославата на роденденот се доделија и признанија, кои оваа година Општина Аеродром за првпат им ги доделува на своите најблиски соработници за долгогодишна и успешна соработка, а беа доделени и признанија за посебен ангажман и постигнати успеси во воспитно-образовниот процес на по еден наставник и еден ученик од осумте основни училишта, како и признание за еден вработен во детските градинки на територијата на општината.









# НОВА УЛИЦА




Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на заедничка прес-конференција на 8.4.2015 година официјално го означија почетокот на изградба на нова улица во најстарата населба во Општина Аеродром, Мичурин.

Станува збор за проект, кој опфаќа изградба на новата улица „Анастас Митрев 3“ што ќе ги поврзува улиците „Венијамин Мачуковски“ и „Петар Ацев“, со целосно нова комунална инфраструктура.

Вкупната должина на новата улица ќе биде

# ВО МИЧУРИН




околу 200 метри, а широчината 6 метри, согласно Деталниот урбанистички план.

Покрај новата улица ќе се изградат и тротоари со широчина од по 1,5 метар од двете страни на улицата, како и нови линии за јавно осветлување. За овој проект Општина Аеродром ќе издвои над 5 милиони денари од својот Буџет.

Со изградбата на новата улица во оваа населба, Општина Аеродром продолжува со предвидената динамика да ја подобрува состојбата на постојните улици, како и изградба на нови улици на нејзина територија.

## ПРЕЗЕНТИРАНИ МЕРКИ ЗА **САМОВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ**



Неодамна во просториите на Општина Аеродром, се одржа Инфо-средба на млади лица на која беа презентирани мерките за самовработување на младите лица, а беа промовирани и добри практики на самовработување.

На средбата на младите лица учествуваа околу 50 млади луѓе од Општина Аеродром, кои ги споделија своите искуства од користењето на програмата за самовработување, како и подготовка за успешно вработување и инвестирање во практична работа.

## **ФОРУМ** НА РАБОТОДАВАЧИ ВО **ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

Неодамна во просториите на Општина Аеродром, се одржа Форум со 30-тина работодавачи од Општина Аеродром со цел преку промоција на мерките за зајакнување на капацитетите на фирмите да се зајакне соработката меѓу локалните бизниси и институциите.

На форумот беа промовирани позитивните искуства од користење на достапните мерки и поволности, а се претстави-ја и корисни информации за младите претприемачи.



## **ГОЛЕМА ЗАИНТЕРЕСИРАНОСТ** ЗА МОЖНОСТИТЕ НА **ЕРАЗМУС+ ПРОГРАМАТА**

На 11.3.2015 година во просториите на Општина Аеродром, се одржа презентација на потпрограмите на Еразмус+, во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

На работилницата се презентираше новата програма на Европската комисија во делот на образованието, обуката и младите,



„Еразмус плус 2014 – 2020“ каде беше објаснет начинот на аплицирање и можностите кои ги нуди европската програма за млади и образование.

Програмите се особено интересни за вработените во градинките, основното и средното образование, лица и фирми кои се занимаваат со образование на возрасни, како и организации кои се занимаваат со проблематика од областа на младите.

## **ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА** ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ И ОБУКА

Неодамна во просториите на Општина Аеродром се одржа информативна сесија, на која беа презентирани отворени програми и можности за стипендирање и обука.

На информативната сесија, за која имаше голема заинтересираност, беа претставени програмите и можностите за стипендирање и обуки по мерка на барателот што можат да ги користат фирми, вработени подолго од три години, како и невладини организации.



# ПОЧНА ИЗГРАДБА НА **НОВ ПАРК** СПРОТИ „МАЈЧИН ДОМ“





Градочаналниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, на 25.3.2015 година официјално го означија почетокот на изградба на нов парк спроти „Мајчин дом“, поточно на просторот на аголот меѓу улицата „Васко Карангелевски“ и булеварот „Јане Сандански“.

Новиот парк ќе се простира на површина од 2.319 м2 и ќе содржи пешачки патеки, водени површини, езеро со фонтани и водопади, река и детско игралиште. Во паркот ќе се задржат постојните дрвја кои се наоѓаат на оваа локација, а дополнително ќе биде збогатен со ново зеленило составено од нискостеблести растенија и цвеќе. Водените површини во паркот ќе бидат осветлени со рефлектори, кои ќе го надополнат амбиентот навечер.

Со овој проект продолжува традицијата на унапредување и заштита на животната средина и на градење паркови во новопроектирани зони во Аеродром, како карактеристично обележје, по кое стана позната и препознатлива општината, во која последниве неколку години се изградени околу 100.000 квадратни метри нова зелена површина.



# КАМПАЊА ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ




Општина Аеродром се приклучи кон одбележувањето на „Неделата за поголема безбедност на пешаците во сообраќајот“.

По тој повод, на 15.4.2015 година, пред трговскиот центар „Капитол“ со практична едукација на децата од ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ се реализираше едукативна кампања за правилно поминување улица, како и препознавање на ризиците во сообраќајот и зголемување на вниманието на сите учесници во сообраќајот.

„Преку денешните вежби децата се учеа правилно да преминуваат преку улица и да ги препознаваат ризиците во сообраќајот како што се користење мобилен телефон или слушалки, или пак, претрчување преку улица вон обележан пешачки премин“, изјави градоначалникот Ивица Коневски, кој заедно со министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, присуствуваше на настанот во знак на поддршка на кампањата.

Министерката Јанкуловска изјави дека статистиките покажуваат дека голем број пешаци се жртви на сообраќајни незгоди што го оправдува организирањето на кампањата.

Целта на оваа активност е преку вежбовните активности кои ги презентираа полициските службеници, на децата директно да им се посочат практични примери за правилно и неправилно однесување на пешаците во сообраќајот, преку кои ќе ги согледаат грешките кои секојдневно ги прават пешаците, а кои се потенцијален ризик за загрозување на нивната безбедност во сообраќајот.

# СЕ АСФАЛТИРААТ УДАРНИТЕ ДУПКИ



Општина Аеродром почна да врши санација и асфалтирање на ударните дупки на целата територија на општината.

Станува збор за тековна активност која опфаќа санација на ударните дупки, а потоа нивно асфалтирање на цела територија на Општина Аеродром. Во текот на април се асфалтираа ударните дупки во населбата Јане Сандански.

# ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ





Општина Аеродром постави пет информативни табли, со цел граѓаните и посетителите на општината подобро да се информираат и ориентираат.

Информативните табли се поставени на петте најфреквентни локации во општината: на влезот на општината (кај Железничката станица), пред зградата на Општина Аеродром, во паркот „Аеродром", пред спортскиот центар „Јане Сандански" и кај трговскиот центар во населбата Лисиче.

Информативните табли содржат мапа на општината на која се обележани сите булевари, главни и споредни улици, патеки, стопански објекти, паркови, населени области, индустриски и спортски центри, училишта, градинки, болници, амбуланти, пошти и други јавни објекти.



## Во знак на поддршка на акцијата „Часот на планетата Земја 2015“

# ЕДЕН ЧАС ВО МРАК ПАРКОВИТЕ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ



Со исклучување на светлата во парковите „Јане Сандански“ и „Аеродром“ во времетраење од еден час Општина Аеродром и оваа година ја поддржа глобалната акција „Часот на планетата Земја 2015“.

На 28.3.2015 година од 20:30 до 21:30 часот преку симболично исклучување на осветлувањето во двата парка беше испратена порака за спас на планетата Земја и на тој начин се покажа солидарноста во борбата против климатските промени.

Инаку, во часот на планетата Земја се вклучија над 162 земји, меѓу кои и Македонија. Во акцијата во Аеродром учествуваа и екипи на Црвениот крст на Кисела Вода.

# ПРОЛЕТНА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром неодамна ја изврши пролетната дератизација.

На подрачјето на целата општина беа опфатени 2.500 шахти со 7.500 мамци, вклучувајќи ги и основните училишта на нејзината територија.

Дератизацијата на глодачите ја изврши Институтот за јавно здравје, Скопје.



# ПРОДАЖНА ИЗЛОЖБА НА „СОЛЕМ“



Здружението на граѓани „Солем“ неодамна во просториите на Општина Аеродром постави продажна изложба на рачни изработки на најразлични украси и други рачно изработени предмети од страна на членовите на здружението. Исто така, беше поставена и кутија за донации за хуманите граѓани, кои имаат желба да им дадат поддршка на лицата со интелектуална попреченост.

Целта на оваа изложба, покрај собирање финансиски средства, е дружење и социјализација на лицата со посебни потреби.

# ИЗГРАДЕНИ ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ ОТПАД



На 27.2.2015 година во Ново Лисиче беа промовирани новоизградените подземни контејнери, во кои ќе се селектира отпадот како во модерните светски центри.

Промоцијата официјално ја означија градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и директорот на ЈП „Комунална хигиена“, Ракип Дочи.

Подземни контејнери се изградија на три локации во Општина Аеродром и тоа пред ТЦ „Три бисери“, кај ТЦ „Капитол“ и спроти ОУ „Лазо Ангеловски“ во Ново Лисиче, избрани пред сè заради големата концентрација на население.

Станува збор за заеднички трипартитен проект меѓу Град Скопје, ЈП „Комунална хигиена“ и Општина Аеродром, кој чини 6.600.000 денари, така што секоја од овие три институции вложува по една третина од сумата.

„Би сакал да се заблагодарам на Град Скопје и на Комунална хигиена не само за добрата соработка, туку пред сè за тоа што имаат слух за потребите на жителите на Аеродром за подобрување на хигиената, која колку и да е добра, секогаш се стремиме да ја кренеме на уште повисоко ниво“, изјави градоначалникот Коневски.



Градоначалникот Трајановски истакна дека на секоја од наведените локации, има по два подземни контејнери за одложување на комуналниот отпад, како и еден подземен контејнер за ПЕТ-амбалажа.

Подземните контејнери се иноксни и секој од нив има зафатнина од 3 кубни метри. Предноста на ваквиот начин на собирање на отпадот е повеќекратна, посебно поради тоа што еден ваков подземен контејнер според капацитетот заменува три од постојните контејнери што се во употреба, па се постигнува повисок степен на хигиена и избегнување на непријатната миризба, која често е присутна во близина на контејнерите.

Со новиот начин на одложување на отпадот се очекува Општина Аеродром да добие подобра и поздрава животна средина.

## Априлијада во Аеродром

# ЛИКОВИТЕ ОД КНИГИТЕ ОЖИВЕАЈА ЗА ПРВИ АПРИЛ











На 1.4.2015 година, во трговскиот центар „Капитол“ беше одбележан денот на смеата и шегата, а беа доделени и наградите за најдобрите и најкреативни маски инспирирани од лик од книга.

Маскенбалот на кој оживеаја ликовите од книгите беше организиран по повод Светскиот ден на книгата за деца.

Учениците со најуспешни креации инспирирани од ликови од книгите, добија таблети со апликации за читање електронски книги.

Инаку, по повод денот на смеата и шегата, во градинката „Срничка“, објект „Бамби“, беше одржана работилница со родители за изработка на смешни капи и костими со еколошка содржина. Исто така, и во повеќето основни училишта беа организирани паради со маскирани деца.









# МИНАТАТА 2014-ТА „МАШКА“ ГОДИНА



Во изминатата 2014 година, според бројот на доделени решенија за еднократна парична помош за новороденчиња, Општина Аеродром има 731 нов жител, од кои 405 машки, а 326 женски деца. Така, според оваа наша статистика, можеме да кажеме дека имаме „машка“ година.

Од нив 368 се прводродени деца, а 311 се второродени, во 51 семејство има трето дете, а имаме и едно семејство со 5 деца. Исто така, статистиката покажува дека 14 семејства од Општина Аеродром во 2014 година добиле близнаци.

Исто како и во 2011, 2012, 2013 година, и во изминатата 2014 година, четврта година по ред, најчесто име што им се давало на девојчињата од Општина Аеродром е Јана, а кај момчињата Марко, но оваа година имаме и нов „победнички“ пар на имиња, а тоа се Ангела и Михаил. Исто така, има и многу деца кои се викаат Ана и Марија, како Стефан, Матеј и Петар. Меѓу новородените има и деца кои имаат ретки имиња како што се Дениција, Дена, Калија, Григориј, Алексеј, Луна...

# ПОЧНА СО РАБОТА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ

На 6.4.2015 година Локалниот младински совет на Општина Аеродром одржа конститутивна седница, со што се стави во функција ова советодавно тело, кое е од исклучителна важност за унапредување на положбата на младите во Општина Аеродром и создавање позитивна клима и предуслови за нивно активно вклучување во јавниот живот на Општината.

За претседател на Локалниот младински совет на Општина Аеродром е избран Александар Темелковски, а заменик-претседател е Борче Трајковски.

Локалниот младински совет е формиран со Одлука на Советот на Општина Аеродром на 28-та седница одржана на 17.11.2014 година, а членовите се избрани, исто така, со Одлука на Советот на општината.



Дел од најважните надлежности на ЛМС се доставување иницијативи до Советот на општината во врска со донесување одлуки, програми и други акти од значење за младите од општината; расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината, а се од интерес за работата на младите; доставува иницијативи за расправање за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми; дава мислење за конкретните одлуки што треба да ги донесе; соработува во изработката и го следи спроведувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на Општината; изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво.

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**



„Црвено и бело" - Бобан Стојчевски



„Од автомобилот" - Билјана Николовска

# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ



„Аеродромец во училишна униформа" - Џоџе Стојчески



„На гости" - Маја и Билјана



„Поглед од железничка станица" - Моника Павловска



„Велигден" - Роберт Атанасовски



„Изгрејсонце" - Ива Поповска

## ДЕЧИЊАТА Ѝ ПОСАКАА ДОБРЕДОЈДЕ НА ПРОЛЕТТА

Дечињата од градинката „Буба Мара“ ја прославија првата пролетна недела со пролетни приредби, драматизација, ритмички игри и песни за здрава храна. Преку ваквите приредби дечињата се стекнуваат со нови искуства и самодоверба.

Дечињата од градинката „Срничка“ пак, го прославија доаѓањето на пролетта, забавувајќи се и учејќи за екологијата и заштитата на животната средина. Младите еколози



гисти делеа еко-пораки во форма на детелинки на тема „Засади дрво, засади цвет, разубави го сиот свет!“

Исто така, во ООУ „Блаже Конески“, се организираше „Цветна работилница“, на која учествуваа учениците заедно со нивните родители, кои од рециклиран материјал изработуваа различни цветни украси, со цел подигнување на свеста за употреба на рециклиран материјал за дизајнирање цветни украси.

## ШТЕДИ ЕНЕРГИЈА ЗА ПОДОБРА ИДНИНА!



Во градинката „Буба Мара“ во текот на март преку едукативна работилница на тема „Штедете енергија за подобро утре“ се одбележа светскиот ден за заштеда на енергијата.

Децата се запознаа со ветерниците и како тие се движат, како се добива енергијата и како да ја заштедат.

Исто така, во ООУ „Блаже Конески“ се реализираше еко-кампања „Заштеда на електрична енергија“, со цел подигање на свеста за заштеда на енергијата кај учениците, вработените од училиштето, како и пошироката заедница.

## СО КАПКА ВОДА ДО ПОДОБРО ЗДРАВЈЕ

Дечињата од градинката „Буба Мара“ со едукативно предавање и визуелна приказна со наслов „Капка вода“ го одбележаа Светскиот ден за заштеда на водите.



За анимирање на дечињата беше задолжена маскотата „Капка вода“, со која тие разговараа и ѝ поставуваа прашања, притоа учејќи за значењето на водата за здравјето, потребата од вода за одржување на животинскиот и растителниот свет на планетата, а исто така и начините како да заштедат вода.

## УМЕТНИЧКИ ДЕЛА ОД ТЕТРАПАК АМБАЛАЖА




Во ОУ „Лазо Ангеловски“ неодамна се реализираше проектот Еко-пакет на тема „Животот во шумата“ преку изработка на уникатни уметнички дела од тетрапак амбалажа. Со селектирање на употребената тетрапак амбалажа се овозможува нејзина понатамошна преработка, се намалува количината на отпадот во депониите, се намалува загадувањето на животната средина и се зачувуваат природните ресурси.

# „СРНИЧКА“ СЕ ЗБРАТИМИ СО ГРАДИНКА ОД ГЕРМАНИЈА



Претставници од Младинската служба на градот Нирнберг на 22.4.2015 година, ја посетија детската градинка „Срничка“.

Цел на посетата беше збратимување на ЈДГОА „Срничка“ со германска детска градинка, при што беше потпишан и меморандум за соработка.

На неколкудневната средба се реализираа работилници на тема за рано учење и развој во Република Македонија и во СР Германија, како и претставување на предучилишните програми во двете земји.

Темите за кои се дискутираше се начините за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот персонал, како и инклузија на деца со пречки во развојот од предучилишна возраст.

## НОВА ЧИТАЛНИЦА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

Во ООУ „Блаже Конески“ неодамна се пушти во употреба нова читалница со цел да се поттикнат учениците да создаваат здрави навики за читање и интелектуален развој од мали нозе и да го негуваат македонскиот јазик.

Читалницата е опремена со комплетно нов мебел и анатомски




столчиња, наменети за најмладите читатели од училиштето, со цел да уживаат во богатиот библиотечен фонд. Со изградбата на оваа читалница се подобрија условите за работа на библиотеката, а истовремено и за учениците кои ги користат нејзините услуги.

ОУ „Браќа Миладиновци“ на 27.3.2015 година со пригодна манифестација во Младинскиот културен центар одбележа 70 години постоење.



## ПРОМОЦИЈА НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ ДУХ СО МУЗИКА

Во ОУ „Лазо Ангеловски“ неодамна се одржа музички концерт на кој со свои музички точки настапија учениците. Овој концерт се реализираше како активност од акцискиот план на проектот претприемачко учење - СЕЕЦЕЛ, кој има за цел да го зајакне претприемачкиот дух кај учениците.



# НЕ ПРОПУШТАЈТЕ ЈА „НЕШТО ПРОПУШТАМЕ“!

## Претставата се гледа во еден здив. Театарската група во претставата „Нешто пропуштаме“ ја предводи, секогаш нервозниот менаџер и продуцент, Алекс, односно гостинот од МНТ во Театар Комедија, единствениот Сашко Коцев








Театар Комедија во март 2015 година со праизведбата на комедијата „Нешто пропуштаме“ го збогати својот и така раскошен репертоар. Автор на оваа комедија е македонскиот драматург Горјан Милошевски, а режисерскиот потпис на оваа „посебна“ претстава е на гостинот од МНТ, режисерот Бојан Трифуновски.

Претставата „Нешто пропуштаме“ е претстава за театарска група, добитник на грант од странска фондација. Групата треба да направи претстава, но, пет минути пред дванаесет, нивниот менаџер заклучува дека она што е сработено нема да ги задоволи критериумите на финансиерот, па ги засукува ракавите и самиот драматизира, режира па дури и глуми во нивната претстава. Целата оваа „напната“ ситуација е навистина урнебесна, а посебноста на „нивната“ претстава лежи во проблемот „како да се направи добра претстава“, односно „колку е тешко да се направи добра комедија“.

Претставата се гледа во еден здив. Низ процесот на подготовка на една комедија нè воведува маестралниот Валентин Костадиновски – Тино, којшто, како нараторот Сеирмен, во еден момент од претставата, станува невидлив советник на напнатата театарска група. Театарската група во претставата „Нешто пропуштаме“ ја предводи секогаш нервозниот менаџер и продуцент, Алекс, односно гостинот од МНТ, единствениот Сашко Коцев, потоа актерката-опортунист Андреа којашто ја игра грациозната актерка на Театар Комедија, Нина Деан, со нив е и претенциозната режисерка Леонора којашто ни ја претставува новиот член на ансамблот на Театар комедија, бравурозната Жаклина Петровска, како и актерот Миша, кого со голема умешност ни го доловува најмладиот од тимот актери на Театар Комедија, Столе Мицов, за којшто „Нешто пропуштаме“ е прв проект на професионалната сцена по неговото дипломирање.

**БИДИ СРЕЌЕН НЕ ЗАТОА ШТО СЀ Е ДОБРО, ТУКУ ЗАТОА ШТО МОЖЕШ ДА ЈА ВИДИШ ДОБРАТА СТРАНА НА СЀ.**




## ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

### КОЛА

- Тато ќе ми ја дадеш колата?

- А нозете за што ти служат?

- Па, левата за куплунг, а десната за гас и кочница.

ГОЛЕМА ЉУБОВ И ГОЛЕМ УСПЕХ ВО СЕБЕ НУЖНО НОСАТ И ГОЛЕМ РИЗИК.

**ДАЛАЈ ЛАМА**

## ТРОДИМЕНЗИОНАЛНИ ГРАФИТИ

Покрај класичните ѕидни графити како неизбежен декор во урбаните средини, некои нови дечки почнаа да изработуваат и тродимензионални графити. На сликата десно е прикажан уште еден пример на тродимензионален графит изработен на тротоар. Инвентивно, нема што!



## ЖЕНСКИОТ ЈАЗИК



да = НЕ
не = ДА
можеби = НЕ
ние треба да = ЈАС САКАМ
жал ми е = ЌЕ ЗАЖАЛИШ
мораме да разговараме = ВО НЕВОЛЈА СИ
само напред = ДА НЕ СИ СЕ ОСМЕЛИЛ
прави што сакаш = ПОДОЦНА ЌЕ ПЛАТИШ ЗА ОВА
не сум вознемирена = СЕКАКО ДЕКА СУМ, ИДИОТУ ЕДЕН!

## Дислексија

# ТЕШКОТИЈА ПРИ

Здружение за дислексија Ајнштајн



**Славица Тасевска-Николовска,**
специјалист за дислексија

Дислексијата претставува специфична тешкотија при читање, која се карактеризира со тешко препознавање на пишаните зборови и нивно дешифрирање.

Иако причините за појава на дислексија сè уште не се јасно утврдени, професионалците од областите, кои се занимаваат со нејзино проучување, се согласуваат дека заеднички симптоми на лицата што имаат дислексија се: испуштање букви, зборови или цели редови при читање, бавно читање без разбирање на прочитаното, нагаѓање на пишаните зборови по неколку прочитани букви, заменување на буквите, како и читање со монотон глас.

Важно е да се знае дека дислексијата не е болест и не зависи од интелектуалните способности на лицето, како и дека симптомите на дислексија не се резултат на оштетен вид или слух, ниту пак на неправилно дадени инструкции за читање или родителска негрижа.

Дислексијата има и позитивна страна и претставува дарба, бидејќи заеднички особини на сите лица со дислексија се креативноста, интуицијата, способноста да ја гледаат големата слика на нештата, упорноста, како и надпросечната интелигенција. На ова укажува фактот што голем број познати личности со врвни достигнувања во светската наука и култура страдале од дислексија. Меѓу нив се Алберт Ајнштајн, Агата Кристи, Томас Едисон, Стив Џобс, Бил Гејтс, Џон Ленон и многу други.

Иако нема општоприфатена дефиниција за дислексијата, таа најдобро може да се дефинира како низа од предности и слабости кои се јавуваат како последица на различната структура на мозо-








# ЧИТАЊЕ ИЛИ ДАРБА?









кот кај овие лица со доминација на десната хемисфера од мозокот.

За да може да се коригира дислексијата потребно е добро да се познава, затоа треба подобро информирање и запознавање на родителите и наставниците, со цел тие да ја препознаат во пораната возраст, кога и полесно се надминува. Важно е да се знае дека учениците со дислексија не се лоши ученици, туку имаат поразличен пристап на учење и потребен им е индивидуален пристап со тренери кои работат со разработени методи за надминување на дислексијата.

Здружението за дислексија „Ајнштајн“ во соработка со Општина Аеродром спроведе анкета во училиштата, со цел да се добијат податоци за информираноста на наставниците за дислексијата, за застапеноста кај учениците, како и за соработката со родителите на учениците што имаат тешкотии при читањето и пишувањето. Резултатите од анкетата покажаа дека дислексијата е застапена кај околу 10 отсто од учениците.



# ТАНЦУВАЊЕТО ВЕ

**Медицинскиот колеџ „Алберт Ајнштајн“ од Њујорк, основан од страна на Американскиот национален институт за стареење неодамна го заврши 21-годишното испитување на граѓани постари од 75 години. Според резултатите што беа објавени во Медицинскиот журнал во Нова Англија, ризикот од појава на сенилност значително се намалува кај лицата кои често танцуваат, дури повеќе и од некои ментални активности како што се читањето или решавањето крстозбори.**



**% = НАМАЛЕН РИЗИК ЗА ДЕМЕНЦИЈА (СЕНИЛНОСТ, ПОСТЕПЕНО ВЛОШУВАЊЕ НА ИНТЕЛЕКТУАЛНИТЕ СПОСОБНОСТИ)**

| | |
|---|---|
| 0% | ПРИ ВЕЛОСИПЕДИЗАМ, ПЛИВАЊЕ ИЛИ ИГРАЊЕ ГОЛФ |
| 35% | ПРИ ЧИТАЊЕ |
| 47% | ПРИ РЕШАВАЊЕ КРСТОЗБОРИ НАЈМАЛКУ ЧЕТИРИ ДЕНА НЕДЕЛНО |
| 76% | ПРИ ЧЕСТО ТАНЦУВАЊЕ |



# ПРАВИ ПОПАМЕТНИ

ТАНЦУВАЊЕТО ОВОЗМОЖУВА ПРЕКУ ДИНАМИЧНОТО И БРЗО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ДА СЕ СОЗДАВААТ НОВИ НЕРВНИ ПАТИШТА

ТАНЦУВАЊЕТО ЈА ПОДОБРУВА ФЛЕКСИБИЛНОСТА, СИЛАТА, БАЛАНСОТ И ИЗДРЖЛИВОСТА

ТАНЦУВАЊЕТО ЈА ЗГОЛЕМУВА ЕНЕРГИЈАТА И СЕРОТОНИНОТ

ТАНЦУВАЊЕТО ГО НАМАЛУВА СТРЕСОТ И ДЕПРЕСИЈАТА

ТАНЦУВАЊЕТО ГИ ЗАЈАКНУВА КОСКИТЕ И ГО ПОДОБРУВА КАРДИОВАСКУЛАРНОТО ЗДРАВЈЕ

ТАНЦУВАЊЕТО ГО ЗГОЛЕМУВА МЕНТАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ ПРЕКУ ВЕЖБАЊЕ НА НАШИТЕ КОГНИТИВНИ ПРОЦЕСИ





# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ГИ ПРОМОВИРА АКТИВНОСТИТЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Општина Аеродром од минатиот број почна континуирано да објавува текстови со коишто се промовира работата на невладините организации на нејзината територија со кои активно соработува**

На територијата на Општина Аеродром постојат повеќе невладини организации, како и организации со кои активно соработува. Во текот на изминатиот период беа промовирани следниве организации: **ЛИНК АКРОС, ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, „ЦЕНТАР ЗА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ“, „ОТВОРЕТЕ ГИ ПРОЗОРЦИТЕ“** И **ИНСТИТУТ ЗА ДЕМОКРАТСКИ РАЗВОЈ И СОРАБОТКА.**

**„ЛИНК АКРОС“** е американска невладина организација со подружница во Скопје, чијашто мисија е унапредување на здравството, економијата и локалните заедници преку соработка со стратешки партнери и поврзување на локални можности со глобални ресурси, а исто така се стреми да гради здрави заедници преку организирање проекти за подобрување на заедниците, вклучувајќи реновирање детски игралишта и проекти за изградба.

**Црвениот крст** на Република Македонија веќе седумдесет години работи на промоција на меѓународното хуманитарно право и хуманитарните вредности, на заштита на човечкиот живот и здравје, обезбедување хуманитарна и социјална помош на населението, обезбедување почит и достоинство за човековото битие, особено во време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи, поттикнување и развивање на доброволното ангажирање и постојана подготвеност за давање помош, како и универзално чувство за солидарност и хуманост.

Фондацијата за поддршка и развој на женско претприемништво **„Центар за жени претприемачи“** Скопје, која е невладина, непартиска и непрофитна организација и која делува на целата територија на Република Македонија има за цел давање поддршка на жените и младите во нивниот деловен, личен и социјален развој преку промовирање на женското претприемништво, како и поддршка за основање, позиционирање и понатамошен развој на бизнисите на жените и младите преку едукација, информирање, советување и менторство, вмрежување, создавање економски можности, развој на претприемачки ум и подигнување на свеста за претприемништво кај невработени лица и жени, жени во бизнисот и студенти.

Организацијата **„Отворете ги прозорците“** се води од визијата „свет на рамноправни и активни луѓе“ и се стреми да го поттикне и олесни активното вклучување на сите луѓе во современиот дигитален свет, преку користење на асистивната технологија како алатка за поттикнување инклузија на лицата со попреченост.

**Институтот за демократски развој и соработка - ИДРС** има за цел да помогне во зајакнување на личните капацитети, како и капацитетите на различни владини и невладини институции, како и да овозможи континуирано и доживотно учење за различни категории граѓани.

# АЕРОДРОМЕЦОТ **ТАНЕ - ТАТКО НА ПОРОДИЛНО ОТСУСТВО**

**Иако првите денови биле малку збунувачки, Тане веќе ги научил сите техники и трикови за чување деца и со малата Илина имаат своја рутина**



Во нашето општество сè уште важат стереотипните правила за поделбата на „машки" и „женски" работи, па така најчесто кога ќе се роди бебе, мајката е таа што останува дома да се грижи за новороденчето. На овие стереотипи, храбро им се спротивстави Тане Димовски, вработен во Агенцијата за млади и спорт, кој реши да го искористи правото на породилно отсуство за да се грижи за новородената ќерка Илина.

Оваа одлука воопшто не била лесна за Тане, кој вели дека никогаш претходно не можел ни да замисли дека ќе дојде ден кога токму тој ќе биде на породилно отсуство. Првите денови од дружењето со новородената ќеркичка биле малку збунувачки и како што вели Димовски, му било страв да не погреши нешто, да не направи некоја беља, но сега веќе ги научил сите техники и трикови за чување деца и со малата Илина имаат своја рутина.

Кога им ја соопштил својата одлука на колегите и пријателите, задевањата станале составен дел од неговото секојдневие. Но, задевањата од колегите биле можеби најлесниот дел, најтешкиот дел бил вадењето на потребната документација, бидејќи за јавните службеници не е вообичаено маж да зема породилно отсуство.

Тане вели дека иако на моменти се чувствува необично, секој ден му е убав и исполнет со смеа и малку плачење. Тој вели дека ваквото искуство му овозможило да се поврзе со својата ќерка и се надева дека ова искуство ќе може да го повтори барем уште два пати во животот.

Димовски не е единствениот храбар маж, кој реши да го искористи породилното отсуство. Според официјалните податоци на Фондот за здравство, до септември 2014 година девет мажи биле на породилно отсуство, во 2013 година нивната бројка изнесувала 11, додека во 2012 година бројката достигнала до 20 татковци што биле на породилен одмор.

Пинг-понг

## АЕРОДРОМЕЦОТ ХРИСТИЈАН СО ЗЛАТО НА ДРЖАВНО МЛАДИНСКО ПРВЕНСТВО



Младиот пинг-понгар Христијан Јованов од Аеродром, неодамна освои златен медал во категоријата пинг-понг двојки на Државното младинско првенство во пинг-понг што се одржа во Штип. Големо признание за талентот на младиот Христијан е и поканата од познат италијански клуб (CTT Tennis Tavollo Taranto) да престојува на подготовки кај нив.

Никола Василевски, ученик во шесто одделение во ОУ „Браќа Миладиновци“ со екипата на Тулуз од Франција неодамна учествуваше на кошаркарскиот турнир во Барселона, Шпанија, каде го освоија првото место на турнирот.



## УЧЕНИК ОД ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“ ВТОРО МЕСТО НА ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО САМБО



Ангел Ангелов, ученик од деветто одделение во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ го освои второто место во сениорска конкуренција до 52 килограми на второто по ред Државно првенство во самбо, што се одржа неодамна во спортскиот центар Борис Трајковски.

Самбо е релативно нова боречка вештина која потекнува од Русија, а зборот „самбо“ претставува акроним за самозаштита без оружје.

## ДА МУ ПОМОГНЕМЕ НА МАЛИОТ МАКСИМ!

Максим Стојановски, кој е роден во 2012 година, има проблеми со видот. По долгите испитувања е констатирано дека во Македонија нема решение за лечење на неговиот проблем.

Единствена можност тој да почне да гледа е оперативен зафат (вбризгување аломпланти), кој се изведува во странство, на секои шест месеци, до постигнување на очекуваниот резултат, но за лекувањето се потребни околу 30.000 евра, кои семејството на Максим не е во можност да ги обезбеди.

Ги повикуваме сите хумани граѓани кои се во можност да му помогнат на Максим преку донирање средства на жиро-сметката:

**Максим Стојановски**
**ЕМБГ 1511012450131**
**НЛБ Тутунска банка АД Скопје**
**жиро с-ка бр.: 210 7000006132 73**
**цел на дознака: донација за лекување во странство**
**Да му помогнеме на малиот Максим да почне да гледа и да ужива во животот!**




# ЛЕТЕН КОШАРКАРСКИ КАМП КК МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ СКОПЈЕ 2015

ПОДГОТВЕТЕ СЕ ЗА УШТЕ ЕДНО СПОРТСКО ЛЕТО И
ДРУЖЕЊЕ НА КАМПОТ НА КК. МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ
ДВЕ НЕДЕЛИ НА СПОРТСКО УСОВРШУВАЊЕ, НАТПРЕВАРУВАЊЕ
И УШТЕ МНОГУ ДРУГИ ИЗНЕНАДУВАЊА ЗА НАЈМЛАДИТЕ

- ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА КАМПОТ ЈА ИЗГОТВИЈА ПРОФ. ГОРАН КРСТЕВСКИ И ЛЕГЕНДАТА НА МАКЕДОНСКАТА КОШАРКА АЛЕКСАНДАР КЊАЗЕВ
- ПРИСУСТВОТО НА КАМПОТ Е РЕЧИСИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО БИДЕЈКИ КАМПОТ Е ОД СЕЛЕКТИВЕН КАРАКТЕР ЗА СЛЕДНАТА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА
- ГОСТИ НА КАМПОТ ЌЕ БИДАТ ИГРАЧИ ОД СЕНИОРСКИОТ ТИМ НА МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ
- КАМПОТ ЗАПОЧНУВА НА 11.06.2015 И ЌЕ ТРАЕ ДО 24.06.2015, ВЕ ОЧЕКУВАМЕ!

НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО 1 на 1, 3 на 3, СЛОБОДНИ ФРЛАЊА, ШУТИРАЊЕ ТРОЈКИ.
НАЈУСПЕШНИТЕ ЌЕ ДОБИЈАТ ДРЕС И ПЕХАР



## НАСКОРО САНАЦИЈА НА ДЕТСКИТЕ ИГРАЛИШТА

**Почитувани,**
Детските игралишта во парковите околу булеварите „АВНОЈ" и „Србија", поточно во паркот зад бензинската пумпа на „Лукоил", се во лоша состојба. Сите меки плочи се извадени, па затоа Ве молиме да се санира, бидејќи децата многу го користат игралиштето.

**Однапред благодарни,**
**В.И.**

**Почитувани,**
Вашето барање е доставено до Одделението за комунални работи. Од таму Ве известуваат дека за кратко време овие проблеми ќе бидат надминати. Имено, до сега се вршеше избор на фирма, која ќе ги сервисира детските и спортските игралишта, така што се создадоа услови за санација на детските и спортски игралишта.

**Со почит,**
**Општина Аеродром**



## ОДОБРЕНИЕТО ЗА ПРЕГРАДУВАЊЕ ТЕРАСИ ЗАВИСИ ОД КОНКРЕТНАТА СИТУАЦИЈА

**Почитувани,**
Живеам во зграда на 2 кат. Прашањето е за мојата тераса. Терасата ми се наоѓа на ќоше од зградата. Напред има ѕидана ограда, а од страна има стаклена ограда која е 20 см од подот на терасата. Кога врне дожд или снег водата од терасата се излива на страната каде е стаклената ограда и го оштетува ѕидот на бетонската плоча од терасата и капе водата од таа страна до земјата. Прашувам дали може од отворената страна да ставам препрека од 5 см и да ставам цевка преку која ќе може водата да истекува. Гледам во многу згради во Скопје има цевки на терасите. Поздрав.
**Р.Г.**

**Почитувани,**
Процедурата за добивање одобрение за преградување тераси е различна во зависност од ситуацијата и локацијата и затоа треба да се утврди врз основа да конкретни параметри. Пожелно е да дојдете во Општина Аеродром, во Секторот за комунални работи, урбанизам и заштита на животната средина и да добиете соодветна информација. Доколку го имате, со себе понесете го Вашиот имотен лист. Работното време за странки во овој Сектор е секој понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**



## ПРВО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ ЈИ 05, ПА ДУП

**Почитувани,**
Сакам да прашам дали е донесен ДУП-от за УЕ А Горно Лисиче, поточно улиците 29, 41, 59, краци од ул. „Тодор Чангов" и каде може да се види?
**Поздрав,**
**Жители од ул. 29, 41 и 59**

**Почитувани,**
Во моментов се чека Град Скопје да донесе урбанистички план за четврт ЈИ 05 во кој припаѓате сега Вие согласно ГУП 2012-2020 година. По донесување на урбанистичкиот план за четврт ќе почне изработката на детален урбанистички план за урбанистичка четврт ЈИ 05.
**Со почит,**
**Општина Аеродром**

## СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош ........................ 194
Пожар и елементарни непогоди ............ 193
Центар за известување и тревожење .... 195

### Градинки

Срничка ........................................... 2455 512
Буба Мара ........................................ 2434 530

### Основни училишта

Блаже Конески ................................ 2469 746
Браќа Миладиновци ......................... 2460 479
Ѓорѓија Пулевски ............................ 2455 510
Љубен Лапе ...................................... 2450 220
Лазо Ангеловски .............................. 2430 324
Димитар Македонски ........................ 2440 011
Гоце Делчев ..................................... 2438 288
Александар Македонски ................. 6152 513

### Средни училишта

Владо Тасевски ................................ 2464 123
Димитар Влахов ................................ 2464 590
Марија Кири Склодовски ................. 2452 189

### Библиотеки

Јане Сандански ................................ 2466 474
Кирил Пејчиновиќ ........................... 2450 449
Рајко Жинзифов ................................ 2443 450

### Цркви

Света Тројца .................................... 2763 337
Свети Петар и Павле ......................... 2439 722
Свети Пророк Илија .......................... 2460 825

### Полиција 192

ПС Аеродром ................. 2432 362, 3142 408
ПС Драчево .................... 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода ............. 3223 410, 3142 403

### Амбуланти

Јане Сандански ................................ 2463 277
Лисиче ............................................. 2440 810
Пелагонија ...................................... 2460 478

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа ........................................ 2400 970
Пријавница ..................................... 2401 511
Контакт со граѓани ......................... 2401 555
Локален економски развој ............... 2401 542
Правна служба ................................ 2401 556
Човечки ресурси ............................. 2401 538
Легализација на бесправни објекти . 2401 528
Урбанизам ...................................... 2401 529
Урбанистички планови .................... 2401 529
Осветлување .................................. 2401 533
Комунална инспекција .................... 2401 521
Градежна инспекција ...................... 2401 521
Инспекција за домување ................. 2401 521
Финансии ....................................... 2401 513
Буџет .............................................. 2401 536
Сметководство ............................... 2401 535
Даноци, такси и други приходи ........ 2401 537
Данок на имот ................................ 2401 553
Јавни набавки ................................ 2401 548
Образование и култура .................. 2401 517
ИТ ................................................... 2401 530
Социјална заштита ........................ 2401 518
Архива урбанизам .......................... 2401 525
Совет на Општина Аеродром ........... 2401 512
Инспекција ..................................... 2401 522
Животна средина ........................... 2401 552
Комунално одделение ..................... 2401 532
2401 534
2401 540

### Јавно осветлување

ЕВН ................................................ 3205 000
„Елтра“ ........................................... 2763 838

### Јавни претпријатија

ЈП „Водовод и канализација“ .............2443 129
2469 844
ЈП „Паркови и зеленило“ .................. 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ .................. 3216 644
075/506 090
Оџачарски услуги ........................... 2440 293

**ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА**
**0800 10 100**


LAST
1099


